

Коцијанчич: Решението на кризите во Македонија и во Албанија е резултат на силна работа


И покрај ладното време лицата со посебни потреби не се откажаа од кампување


Иванов: Со Јордан постигнавме напредок во сферата на разузнавање и размена на информации

АРХИВА | КОНТАКТ | РЕДАКЦИЈА | МАРКЕТИНГ | ПРЕТПЛАТА | период од-до 2006 - 2017

Почетна | ВЕСТИ | КУЛТУРА | СПОРТ | МАГАЗИН

00 23.08 % RZUS 110.51 0.89 % STB 958.64 0.84 % STIL 90.00 3.71 % TKVS 2,505.00 7.42 % TNB 10,658.12 -0.35 % TPLF 1,288.00 0.39 % TTK 810.00 0.

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ

Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

05.05.2009, 18:31

# МАЛКУ ПОЗНАТИ ИМИЊА МЕЃУ АВТОРИТЕ НА ИДНИТЕ СПОМЕНИЦИ



**Најпознат од нив е професорот Жарко Башевски**

**Катерина Богоева**

Скулпторот Жарко Башевски, професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје и раководител на Одделот за вајарство, е автор на двете најавени коњанички скулптури на Гоце Делчев и Даме Груев, кои ќе бидат поставени во центарот на Скопје откако ќе бидат излеани во бронза во Фиренца. Башевски ќе биде автор и на спомен-обележјето на св. Кирил и Методиј.

Тој и досега им беше познат на граѓаните по двете скулптури поставени во центарот, едната во близина на Музејот на град Скопје, а другата кај Домот на градежниците. Останатите автори на споменици, кои како и тој, за изработка на своите дела се финансираат од Владата преку Општина Центар, помалку и' се познати на македонската јавност.

За името на авторката на скулптурата на Александар Македонски, Валентина Стевановска, во јавноста се слушна на крајот на минатата година, кога беше наградена за идејно решение за скулптура на Филип II и за фонтана со придружни фигуративни елементи, што треба да бидат поставени на плоштадот во Автокоманда.

Скулпторот од Гостивар Богоја Ангелкоски зад себе има шест-седум изложби на скулптури и цртежи, реализирани во земјава и во странство. Прв пат пред јавноста ќе се претстави и како автор на скулптура на отворен простор, со изработка на коњаничка скулптура на Никола Карев, што треба да биде поставена пред Собранието.

За разлика од него, младиот брачен пар Дарко и Елена Дуковски им станаа познати на граѓаните кои минуваат низ центарот. Дарко е автор на скулптурата „Бик“, а Елена на „Чистач на чевли“ на улицата „Македонија“ во

Електронско издание

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- МАЛИОТ ПАВЕЛ СЕ ПРОБУДИ ОД ВЕШТАЧКАТА КОМА
- ТЕЧАТ ПРЕГОВОРИТЕ МЕЃУ БЕСА И СДСМ
- УСТАВНИОТ СУД СЕ ПРЕМИСЛИ И ЈА СИМНА ЗАБРАНАТА ЗА БАРОК НА ГТЦ И МОБ
- ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ЧЕЛИЧНИ ОДБОЈНИ ОГРАДИ НА ПАТОТ ОХРИД- СВ. НАУМ
- БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА СО ПРЕДЛОГ ЗА ВИЦЕПРЕМИЕР ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

17° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Претежно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |

| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
|---|---|---|---|---|
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула

Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието

Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Скопје. Тие во оваа прилика ќе изработат и две скулптури на лавови и релјефи, исто како и скулпторот Константин Јанев, кој за разлика од нив, досега не е познат по дело изложено во јавен простор.

Димитар Филиповски, автор на бронзените скулптури „Шмизла“ и „Ееeј“, поставени на улица „Македонија“, во мермер ќе ги изработи и спомен-обележјата на цар Самуил и на Методија Андонов-Ченто.

Авторка на спомен-обележјето на цар Јустинијан I е Роза Павлеска, на обележјето на македонскиот ајдутски водач Карпош - младиот Војдан Запров, додека на обележјето на св. Климент и Наум автор е Перо Кованцалиев. Изработката на спомен-обележјето на Првото заседание на АСНОМ му е доверена на скулпторот Слободан Милошевски. Станува збор за автори чија уметничка активност не и' е доволно позната на македонската јавност.

За разлика од нив, изработката на спомен-обележјата на основачите на Македонската револуционерна организација и на обележјето на гемиџиите му е доверена на скулпторот Ангел Коруновски, автор наградуван за своите скулптури и автор на решението за скулптурата на Филип II во Битола и на скулптура на коњаник, поставена во центарот на Велес, посветена на велешките војводи-учесници во Илинденското востание.

Статијата е прочитана 6024 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Александар ќе дојава како светско чудо**

## КОМЕНТАРИ

**b.b**, 06.05.2009 00:12:47
sega toa li e problem ,AVTORITE. narode MAKEDONSKI neli svetot ostanuva na mladite ,togas vreme e da se ostvari i toa ,dosta bese te edni isti da kazuvaat sto i kakpo da se pravi.
Кликнете за оценка: 47 | 40

**Димитар**, 06.05.2009 00:20:08
Криво ви е по се изгледа дека со ВМРО повеќе не може да перете пари како со комунистите и затоа сите сте се навртиле против ВМРО, МПЦ и Македонија. Одлични се скулптурите.
Кликнете за оценка: 40 | 27

**marjan**, 06.05.2009 01:13:33
Bas mi e merak so mladite umetnici vo nasata drzava ke mozat da se istaknat javno! Gradot ke ni zalici ,a uste poubavo ke be bide ako monumentot na Aleksandar bide zakiten so fontana!
Кликнете за оценка: 51 | 43

**miki**, 06.05.2009 01:56:20
na mene mi se dopagaat spomenicite. ne moze da debatirame tuka za umetnost. toa e subjektivna rabota. na nekoj mu se dopaga edna slika ili pesna na drug ne. taka da na nekoj ke mu se dopaga plostadot na drug ne. ne moze na site da i se dopaga. zatoa ima izbori i mnozinstvoto odlucuva. ne moze mala grupa na luge da odlucuva za site. sega sme u demokratija. pominaa tie vreminja koga 2-3 samobendisani tipovi odlucuvaa za site oti oni neli se najpametni a drugite nisto ne znaat. na mene licno ne mi se svigat 2 statui i sega treba li site da se prisposobat na mojot vkus. ako se pocne taka nikogas nisto nema da se izgrade. mos na nekoj mu odgovara toa...
Кликнете за оценка: 32 | 49

**Itar Pejo**, 06.05.2009 07:20:24
Ako moze politicki anonimus da bide predsedatel na drzavata zosto ne i vladini skulptori. Vazno e deka procedurata za izbor na delata e sosema transparentna. Nivnite iminja se objaveni odkako skulpturite pocnale da se realiziraat a lugeto se verojatno vece isplateni. Nema kaenje!
Кликнете за оценка: 37 | 41

**SLOBODA-nka**, 06.05.2009 07:39:21
PERENJE na pari i nisto drugo na ovie KRIMINALCI od dpmne. Sramota narodot nema leb da jade a tie pravat 300 gluposti, taka i mu treba na ovoj narod

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да“
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места

Кликнете за оценка: 51 | 32

**bale**, 06.05.2009 08:24:31
Не можам да препознам или грешам да ми простете, на коњи ли се качени овие револуционери или на магариња???

Кликнете за оценка: 45 | 46

**Болен М. Дојчин**, 06.05.2009 08:59:46
Продолжува промовирањето на врвните Квази-уметници. Едно е сигурно. Величините од типот Ренесансни мајстори, како и споредбата со нив, се недостижни, непримерни, дури и навредливи, и покрај Големината на Ацка, не само поради тоа што овие, Татиниве со Лале-книшка-квази, не допираат ни до нивното нокте од малото ножно прсте, туку и поради нивното целосно отсуство на Знаење и Познавање (што овие мајстори го поседувале) на Статика, Архитектура, Металургија, Анатомија, Хемија, Поезија... Не се станува уметник со градење на Фигурини и Надгробни споменици! Големината (височината) на ваквите споменици воопшто не кореспондира со нивната Вредност. Тие се целосно несоодветни на она што во светот се нарекува Уметност и се одвратна навреда за секој Уметник. Фигурините ќе останат минорни, но забележани по едно: Големината на Глупоста изразена во мерната единица Власт. За Еталон, ја предлагам височината на нивните градби!

Кликнете за оценка: 57 | 37

---

**од внукот на ДЕЛЧЕВ**, 06.05.2009 09:19:47
На кој начин непознатите склуптори да станат познати-секако по делата кој сега ги изработуват,сигурно и денешните познати и признати склуптори од калибарот на Томе Серафимовски своите први дела ги одпочнале како непознати-секој се раѓа како анонмимус,а потоа според дарбата од горниот или ќе стане познат или просечен.Според логиката на текстот,само познати и признати уметници имаат право на големи дела,а што правиме кога еден ќе си заминат познатите.

Кликнете за оценка: 38 | 38

---

**Trocki**, 06.05.2009 09:53:07
Rimjanite rekle: PANEM ET CIRCENSES - odnosno dajte mu na narodot leb i organizirajte cirkuski igri i toj nema da se buni protiv samovolieto na vladeacite! Sepak kaj nas go zaboravija LEBOT, samo cirkuski igri ni prireduvaat. Samo se prasuvam koga ce gi "nacickaat" skulpturite na plostadot sto ce ostane od nego? Kade ce se dvizime? A posebno Alexandar od koj niedna fasada nema da se vidi. Ah, tragi-komedija. Glupavost vo raskosh! Pofalba na KICHOT! Mizerija Makedonce, Mizerija! Ne i teknalo na Francija da napravi 22 metarski spomenik na Vercingetorix!

Кликнете за оценка: 51 | 41

---

**umetnik**, 06.05.2009 09:56:52
Bravo za novinarite!!! Da ne bevte vie so vasata upornost, nemase voopsto da cueme za ovie anonimusi umetnici. Nemam nisto protiv mladite skulptori, no za vakov proekt treba malku poveke iskustvo i pecenje na zanaetot! Osnovnoto prasanje koe se postavuva e zosto makedonskite poznati i priznati skulptori vo Evropa i svetot ne se prijavile na ovie konkursi???? Verojatno zatoa sto znaat sto e umetnost i ne sakale da ucestvuvaat vo ovoj neviden kic sto ke se sluci na plostadot vo Skopje!!! Toa e isto kako vo MANU da clenuvaat pripravnici, a ne iskucni akademici.

Кликнете за оценка: 48 | 43

---

**Стрина Стамена**, 06.05.2009 09:59:16
МИКИ на тебе и на тебе сличните,една мала забелешка. Немам ништо против вашите 'длабокомислечки' коментари. Само ќе ве потсетам на една елементарна СИТНИЦА. Секоја нова реченица се отпочнува СО ГОЛЕМА БУКВА! Марш во ВТОРО одделение, ОСНОВНО...

Кликнете за оценка: 33 | 47

---

**gv**, 06.05.2009 10:03:20
Site vajari bile bliski na vlasta?

Кликнете за оценка: 43 | 54

---

**maki**, 06.05.2009 10:50:31
grcija uste pred 15 god go ima izleano stitot na aleksandar-makedonsko sonce ( i toa ni go zemaa) na site svoi parkcinja,trevnici i sl.sekoj vtor rstoran se vika makedonija,duri i del od prehrambenite proizvodi se nosat naziv makedonija.vo solun na kejot ima golem spomenik na aleksandar na konjot.....trebalo odamna da se svestime za site ovie raboti...spomenicite se gradat niz vekovite i ja svedocat istorijata...nasevo ke ispadne-izgradivme za inaet na grcite...

Кликнете за оценка: 36 | 51

---

**pogled**, 06.05.2009 11:00:31
1. Демек, нам ни требаат само познати склуптори, само искусни политичари, само докажани дипломати, само лидери што течно говорат, само афирмирани композитори, само популарни естрадни уметници, само незаменливи универзитетски професори, само едни те исти новинари. А оние другите, нека скапуваат во својата анонимност цел живот. 2. Ни така не бива, нели?

Кликнете за оценка: 48 | 45

**Verag**, 06.05.2009 12:28:15
Сигурно им се познати на вмро-ОВЦИТЕ!

Кликнете за оценка: 38 | 40

**beb**, 06.05.2009 12:52:19
nova provokacija so novi posledici,me interesira tie lugje shto ja kreirat politikata vo mk dali se lugje ili idioti.

Кликнете за оценка: 51 | 36

**srebre**, 06.05.2009 13:36:02
ne mi e jasno zosto samo sega ne organizirat protesti kako so crkvata ova e pogolema glupost od crkvata ne eden tuku serija spomenici ajde da se kreneme ludje ova e ludost jas sum prv vmroec ama ova mi lici kako retardirani da sedat vo vlada.

Кликнете за оценка: 48 | 44

**Александар**, 06.05.2009 14:38:44
За г-динот Троцки кој збори за Французите и Vercingetorix еве линк од википедија нека ги погледне скулптурите и да ги измери колку се високи http://en.wikipedia.org/wiki/Vercingetorix

Кликнете за оценка: 46 | 49

**dimitri ohrid**, 06.05.2009 15:08:59
kakvi spomenici, kakvi majtapi.narodov prezivuva a ovje milioni frlet za bikovi, smizli, za aceta i slicni gluposti.pa dali so aleksandar makedonski se polnet stomaci.ke ni se smejt svetov so vakvi gluposti

Кликнете за оценка: 45 | 33

**unreal city**, 06.05.2009 16:07:47
HAKERI, STORETE NESTO! Mora pod itno da se vleze vo elektronskite sistemi na site odgovorni tela na RM sto bezobrazno gi krieja ovie planovi i javnosta konecno da doznae sto stoi zad site ovie monumentalni perverzii.

Кликнете за оценка: 35 | 42

**Komentator**, 06.05.2009 16:51:17
Ic ...da ne se sekiraat ..sega navistina ke bidat poznati ..od usta ne gi simnuvame....!!!

Кликнете за оценка: 36 | 34

**Petre**, 06.05.2009 17:39:13
a Krstot na Vodno sto para cini ?? .. odite vo Grcija da vidite kolku krstovi ima i kolku crkvi; sekoe selo ima crkvi recisi kolku nasata Soborna.. a vo Grcija sekojdnevno ima nemiri i demonstracii, samo Eu znae ( a moze i oni ne znaat) kolkav e borcot na Grcija, sama si pecati grcki evra...

Кликнете за оценка: 50 | 49



РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани